# I. Економски движења во Република Македонија

### Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | IV.2003 | - | 1,4 | 0,4 | 0,1 |
| **Цени на мало** | IV.2003 | - | 1,7 | 2,3 | 2,0 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | IV.2003 | - | 0,0 | -0,4 | 1,0 |
| **Индустриско производство** | IV.2003 | - | -9,7 | -0,5 | 2,4 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | III.2003 | 11.545 | 1,2 | 5,3 | 6,3 |
| **Реална просечна нето плата** | III.2003 | - | 1,2 | 5,6 | 6,3 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | IV.2003 | 5.696 | -0,2 | -2,7 | -17,6 |
| **Буџетски расходи** | IV.2003 | 5.928 | 23,5 | -0,6 | -12,3 |

## 1.1. Цени

*Месечната стапка на инфлација во април 2003 година изнесуваше 1,4%...*

Во април 2003 година, месечната стапка на инфлација, мерена преку движењето на трошоците на животот, изнесуваше 1,4%, што претставува највисок месечен пораст во последните речиси две години. Месечниот пораст на трошоците на животот главно се должи на примената на измените од Законот за данокот на додадена вредност. Имено, од 01.04.2003 година почнаа да се применуваат новите стапки на данокот на додадена вредност, така што општата стапка од 19% се намали на 18%, а дел од производите кои беа оданочувани со повластена стапка од 5%, од овој месец започнаа да се оданочуваат со новата општа стапка од 18%. Тоа резултираше со еднократен пораст на трошоците кај производите кои беа префрлени од повластената на општата стапка на оданочување. Така, трошоците за хигиена и здравје, за сообраќајни средства и услуги и за домување на месечна основа се зголемија за 5,8%, 1,8%, 1,1%, соодветно. Притоа, структурната анализа покажува дека трошоците за услуги остварија повисок пораст (2,3%) од порастот на трошоците за стоки (1,2%). Во однос на истиот месец од претходната година, во април 2003 година трошоците на животот беа повисоки за 0,4%. И покрај високиот месечен пораст, при повисока споредбена основа, просечната стапка на инфлација во периодот јануари-април 2003 година во споредба со истиот период од минатата година беше минимална и изнесуваше 0,1%.

*...но просечната стапка на инфлација беше минимална (0,1%)*

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




**Осврт кон измените на данокот на додадена вредност**

Од 01.04.2003 година започна примената на измените од Законот за данокот на додадена вредност (Службен весник на Република Македонија бр.21/2003). Измените се однесуваат на промена на општата стапка на данокот на додадена вредност (намалување од 19% на 18%) и на промена на категориите на производи и услуги кои се оданочуваат со општата стапка на данокот на додадена вредност. Согласно измените, од оданочување со повластена стапка од 5% кон оданочување со општата стапка од 18% се префрлени следниве производи и услуги: 1) Основни производи на земјоделството, рибарството и пчеларството; 2) Храна за животни; 3) Електрична енергија*, јаглен, огревно дрво, мазут, гас, разладување и греење; 4) Лекови, ортопедски апарати и справи; 5) Средства за хигиена 6) Превоз на лица; 7) Услуги за одржување на јавната чистота; 8) Услуги на адвокати, нотари, сметководители и ревизори.

Со повластената стапка од 5% и натаму ќе се оданочуваат следниве категории на производи: 1) Производи за човечка исхрана; 2) Вода за пиење од јавните системи за снабдување и 3) Публикации, книги, весници и други периодични публикации (освен публикации кои служат претежно за рекламни цели).

* Имајќи ја предвид социјалната компонента, даночното оптоварување на потрошувачката на електрична енергија на домаќинствата во помал дел е на товар на домаќинствата, кои плаќаат ДДВ по стапка од 5%, додека разликата до 18%, колку што изнесува новата даночна стапка за електричната енергија, е на товар на Електростопанство на Македонија. Кај потрошувачката на електрична енергија на правните лица, даночното оптоварување според новата општа стапка на ДДВ во целост е на товар на правните лица.

***Во април 2003 година е регистриран месечен пораст на цените на мало од 1,7%***

Исто како и кај трошоците на животот, кај цените на мало во април 2003 година е регистриран забележителен пораст на месечна основа од 1,7%. Највисок пораст остварија цените на земјоделските производи (3,4%), поради повисоките цени на зеленчукот (5,6%), јајцата (5,4%) и овошјето (1,4%). Кај непрехранбените индустриски производи е регистриран пораст на цените од 0,9% кој се должи на зголемените цени на лековите (9,6%), средствата за работа и хемиските средства за градина (6,6%), средствата за хигиена (5,2%) и обувките (1,6%). Структурно анализирано, кај цените на услугите е регистрирано поголемо зголемување (3,1%) од зголемувањето на цените на стоките (0,9%), што пред сé е резултат на порастот на цените на сообраќајните и комуналните услуги (11,1% и 3,7%, соодветно). Притоа, во април 2003 година цените на мало се зголемија за 2,3% во однос на истиот месец од претходната година, додека просечната стапка на пораст на цените на мало веќе трет месец е на нивото од 2,0%.

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




***Цените на производителите на индустриски производи во април 2003 година се задржаа на нивото од претходниот месец...***

Во април 2003 година цените на производителите на индустриски производи беа непроменети во однос на претходниот месец. Непроменетото ниво е одраз на дивергентните движења на цените кај главните групи на производи. Така, пад на цените е регистриран кај производителите на енергија (0,7%) и капитални производи (1,9%), додека кај производителите на интермедијарни производи (освен енергија) и нетрајни производи за широка потрошувачка е регистриран пораст на цените (0,3% и 0,5%, соодветно). Притоа од вкупно 22 индустриски гранки, во 18 гранки цените на производителите на индустриски производи останаа непроменети во однос на претходниот месец.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




*...додека во просек беа повисоки за 1,0%*

На годишна основа, цените на производителите на индустриски производи се намалија за 0,4%, додека во просек беа повисоки за 1,0% (што се должи на меѓугодишниот пораст на цените на енергијата за 6,2%, поради повисоките цени на нафтените деривати за 17,9%).